OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

Врз основа на член 38 став 1 точка 5 од Статутот на Охридска Банка АД Скопје, Собранието на банката на седницата одржана на 11.5.2017 година, донесе:

# ОДЛУКА

## за употреба и распредување на остварената добивка на Охридска Банка АД Скопје, со Годишна сметка за 2016 година

Член 1

Нето добивката остварена по Годишната сметка на Охридска банка АД Скопје за 2016 година во износ од 435.003.451 денари се распоредува за:

| | |
|---|---|
| 1. Задржана нераспределена добивка | 241.583.437 денари |
| 2. Задржана добивка за инвестициски вложувања - реинвестирана добивка | 150.000.000 денари |
| 3. Дивиденда за исплата | 43.420.014 денари |

Член 2

Делот од нето добивката во износ од 241.583.437,00 денари што останува како задржана нераспределена добивка нема да биде расположив за исплата на дивиденда и нема да биде оптоварен со какви било идни обврски.

Член 3

Делот од нето добивката во износ од 150.000.000,00 што се распоредува во задржана добивка за инвестициски вложувања – реинвестирана добивка, служи за развојни цели односно вложувања во материјални и нематеријални средства за проширување на дејноста и нема да биде расположив за исплата на дивиденда на акционери во иднина.

Член 4

Распределбата на делот од нето добивката во износ од 43.420.014,00 денари што се распоредува за исплата на дивиденда, износот на дивиденда по акција, дивидендниот календар и известувањата, како и дополнителните појаснувања ќе бидат предмет на посебна Предлог Одлука од страна на Надзорниот одбор и Собранието на акционери на Банката, во согласност со Предлогот од член 1 од оваа Одлука.

Член 5

Средствата наменети за дел од плата и награда на вработени и менаџменот и членовите на органите на банката по основ на работна и деловна успешност, кои во Годишната сметка за 2016 согласно МСС 19 се вклакулирани како трошок во износ од 35.125.659 денари, се распоредуваат на следниот начин:

- Дел за награди на членовите на Надзорниот одбор што се исплатува;
- Дел за награди на членовите на Одборот за ревизија што се исплатува;
- Дел за плата по основ на работна и деловна успешност за менаџментот и вработените што се исплатува.

Член 6

Распоредот на средствата од членот 5 од оваа Одлука се овластува да го врши Надзорниот одбор на Банката.

Член 7

Средствата од член 5 алинеа 1 распоредени за награди на членовите на Надзорниот одбор кои оваа функција ја извршуваат како дополнение на нивната работна ангажирност, како вработени во друг организационен дел на групација на Социете Генерале СА, согласно Директива 4230 на Социете Генерале се исплатуваат во корист на Социете Генерале.

Член 8

Образложението кон оваа Одлука е составен дел на оваа Одлука.

**СО Бр. 0201-26237/7-2**
**11.5.2017**
**Скопје**

**Собрание на**
**Охридска банка АД Скопје**
**претседавач,**

________________________

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ
кон одлуката за употреба и распредување на остварената добивка
на Охридска Банка АД , со Годишната сметка за 2016 година

Врз основа на член 86 од Законот за банки, член 483 од Законот за трговските друштва и член 38 став 1 точка 5 од Статутот на Банката, Охридска Банка АД Скопје на своето годишно собрание одлучува за употреба и распоредување на остварената добивка.

Согласно Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот (Сл. Весник на РМ бр.47/2012), во точка 12 параграф 2) под в) алинеа 4,и г) предвидено е во основниот капитал на банката да се вклучи и нераспределената добивка доколку Надзорниот одбор на Банката донесол Одлука со која се предвидува распоредување на тековната добивка во резервите или задржаната добивка на банката, со што нема да може да се користи за исплата на дивиденда на акционерите, и исполнети другите услови наведени во Одлуката. За овие цели Надзорниот одбор на седницата одржана на 30.01.2017 година донесе Предлог одлука за употреба и распредување на остварената добивка на Охридска Банка АД Скопје, со Годишна сметка за 2016 година како што е предложено во членовите 1,2,3 и 4 од оваа одлука.

Во 2016 година Банката оствари нето добивка во износ од 435.003.451 денари и истата се распределува и тоа: дел за дивиденда, дел како задржана нераспределена добивка и дел како задржана добивка за инвестициски вложувања – реинвестирана добивка.

Обврската во член 485 од ЗТД предвидува издвојување 5% од остварената нето добивка по Годишна сметка за задолжителни општи резерви се до исполнување на законскиот цензус од една десетина од основната главнина. Вкупните резерви на банката на 31.12.2016 изнесуваат 122.596.649 денари со што е исполнет законскиот цензус од една десетина од основната главнина која изнесува 116.225.290 денари.

Делот од нето добивката во износ од 43.420.014 денари се распоредува за исплата на дивиденда, додека износот на дивиденда по акција, дивидендниот календар и известувањата, како и дополнителните појаснувања ќе бидат предмет на посебна Предлог Одлука од страна на Надзорниот одбор и Собранието на акционери на Банката, во согласност со Предлогот од член 1 од оваа Одлука.

Делот од нето добивката во износ од 241.583.437 денари останува како задржана нераспределена добивка која не е оптоварена со какви било идни обврски и истата не е расположива за исплата на дивиденда на акционерите на банката во иднина.

Делот од нето добивката во износ од 150.000.000,00 денари што се распоредува во задржана добивка за инвестициски вложувања – реинвестирана добивка, служи за развојни цели односно вложувања во материјални и нематеријални средства за проширување на дејноста и нема да биде расположив за исплата на дивиденда на акционери. Со издвојувањето на дел од добивката во задржана добивка за инвестициско вложување банката може да користи даночно ослободување пропишано во член 28 со Законот за данок на добивка (Сл.Весник бр.112/2014,129/2015, 23/2016) со изготвувањето на даночниот биланс за деловната 2017 година односно да се користи правото на намалување на даночната основа за износот на извршените инвестициони вложувања и утврдување на помал данок од добивка. Со оглед што износот предвиден за известициски вожувања нема да биде расположива за исплата на дивиденда, истиот ке биде вклучен и во пресметките на основниот капитал на банката согласно Одлуката за

методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот ( Сл. Весник на РМ бр.47/2012 ), точка 12 параграф 2) под в) алинеа 4, и г).

Согласно МСС 19 во Годишната сметка за 2016 година вкалкулиран е трошок за исплата како дел од плата и награда по основ на работна и деловна успешност на вработените, менаџментот и членовите на органите на банката во висина од 35.125.659 денари. Поединечниот распоред на средствата ќе се изврши со посебна одлука на Надзорниот одбор на Банката.

Имајќи го во вид изнесеното се предлага Предлог Одлуката да биде усвоена во текст како што е предложена.